КИНОТЕКА НА СР МАКЕДОНИЈА

КИНОТЕЧЕН МЕСЕЧНИК

# БИЛТЕН

1

ЈАНУАРИ, СКОПЈЕ 1977

Кинотечкиот месечник се појавува во моментот кога решавањето на потребата за вреднувањето и анализирањето на филмското творештво кај нас стана неизбежно и кога недостигот од континуирано стручно следење на кинематографската проблематика се закануваше да успори некои од највиталните процеси во создавањето на филмското дело и на филмската мисла. Затоа очекуваме неговото појавување да биде прифатено и оценето не само како институционално регистрирање на активностите на Кинотеката на СР Македонија, туку и како можност да се поттикне една колку нова, толку неизбежна публицистичка дејност во нашето кинематографско искуство.

На неговите соработници им падна во долг и во чест максимално да се мобилизираат врз одгледувањето на филмската култура и на нејзините општествени функции. Отварајќи им ги страниците за соработка на сите оние што ги интересираат идејно естетските, социолошките, историските, организаторските и воопшто сите аспекти што имаат извесна стручна важност за филмот, редакцијата верува дека, со поддршката која секако ќе ја заслужи, ќе се воведе една нова вредносна традиција, македонскиот филм ќе добие свој изворен толкувач и поттикнувач, свој строг и природен придружник.

Од редакцијата

КИНОТЕКАТА НА СРМ ОТПОЧНА СО ДЕЈНОСТ

Во април 1976 година, со Законот за основање Кинотека, отпочна со работа Кинотеката на СР Македонија, чија основна задача е да прибира, евидентира, обработува, заштитува, чува и презентира филмски материјали од посебно уметничко, културно, научно, историско и друго општествено значење.

Со истражувањето на сите овие материјали, кои всушност се и основната дејност на Кинотеката, почнаа да се остваруваат и нејзините први задачи.

Конкретните податоци за националниот фонд филмови и филмско-архивската граѓа добиени врз база на истражувањата ќе послужат како основна граѓа при изработката на ФИЛМОГРАФИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА, која Кинотеката ќе ја издаде кон крајот на оваа година, а која ќе претставува потполна и сеопфатна евиденција на филмската продукција, како и на филмските автори и други филмски работници во Македонија.

Голем е бројот на филмско-архивската граѓа која во изминатите години и децении се гомилаше. Богатата традиција на Македонија во областа на филмот почнува уште од браќата Манаки па до денес. Од непотполните податоци познато е дека во Македонија се снимало не само од Манаки туку и од други, во времето меѓу двете војни, за време на Втората светска војна, и по ослободувањето.

За снимените материјали, освен од Манаки, нема никакви писмени податоци, освен информациите на современиците, дека се снимало, како на пример дека сопственикот на киното во Битола снимил целовечерен игран филм. Според присобраните податоци се претпоставува дека најголема метража снимен материјал имал Хигиенскиот завод во Скопје, но сеуште не е истражено каде се наоѓа тој материјал, дали е сочуван и како може да се дојде до него.

Познато е исто така дека во Македонија, за време на Втората светска војна, се снимени доста филмски материјали од страна на окупаторските војски и окупаторската бугарска администрација. И за овие филмски материјали нема никакви податоци, иако тие денес претставуваат драгоцен историски документ.

И по ослободувањето, со формирањето на професионалната филмска продукција, во Македонија се снимени, по нашите првични податоци, преку 24 играни и над 600 документарни филма, голема метража филмска документација, филмски прегледи, журнали, како и материјали снимени во Македонија и за Македонија од други филмски куќи, установи организации, телевизија и поединци.

Покрај евиденцијата, заштитата и присобирањето на националниот филмски фонд, истото ќе се врши и со фондот на значајни филмови за развојот на филмската култура од останатите кинематографии во земјата и странство.

Покрај оваа основна задача Кинотеката развива и дејност со цел на ширење на филмската култура, преку прикажување филмски циклуси, организирање филмски трибини и разговори, и со популаризирање на специјализираната филмска литература која се наоѓа во веќе оформената библиотека на Кинотеката.

На крајот би сакале да резимираме дека конечната слика и правецот на дејноста ќе бидат појасно насочени по извесен временски период, со стекнување на одредени искуства, во кои една од примарните улоги ќе биде доделена на гледачите и идните соработници на Кинотеката.

## РЕЗИМЕ НА ФИЛМСКАТА ПРОГРАМА НА КИНОТЕКАТА ВО ИЗМИНАТАТА ГОДИНА

Кинотеката на СР Македонија својата активност на полето на ширењето на филмската култура ја започна со оформувањето на библиотечниот фонд и со двата филмски циклуси презентирани пред скопските љубители на филмот "Во спомен на Лукино Висконти" и "Екранизирани литературни дела". Неопходно е да се напомне дека и двата филмски циклуси беа оформени според расположивиот фонд на филмови од Кинотеката на Белград.

Зошто, за почеток, се определивме токму за овие два циклуси?

Заминувањето на Висконти од светската сцена на филмот, како и вредноста и значењето на неговиот опус за светскиот филм, беа компоненти кои не определија за презентирање на дел од неговото филмско творештво. Во рамките на оваа програма беа прикажани филмовите "Опсесија", "Сенсо", "Бели ноќи", "Роко и неговите браќа", "Сандра" и "Туѓинец".

Висконти е роден во 1906 година во Милано. Завршува студии по книжевност. Извесно време асистира кај Реноар и Карне. Во годините непосредно пред и за време на II Светска војна Висконти и припаѓа на групата која се бори за новиот италијански филм, сконцентрирана околу списанијата "Кино" ("Cinema") и "Бело и Црно" ("Bianco e nero" ). Неговиот прв филм "Опсесија" реализиран во 1942 година, се смета како зачеток на италијанскиот неорелаизам.

Филмографија:

"Опсесија" - Италија, 1942

"Земјата трепери" - Италија, 1947

"Најубава" - Италија, 1951

"Сенсо" - Италија, 1954

"Бели ноќи" - Италија - Франција, 1957

"Роко и неговите браќа" - Италија, 1960

"Гепард" - 1963

"Сандра" - Италија, 1965

"Туѓинец" - Италија-Франција-Алжир, 1967

"Самрак на боговите" 1969

"Смрт во Венеција" 1971

"Лудвиг" 1972

"Затворен фамилијарен круг - 1974

"Невина" 1975

Определувајќи се за циклусот "Екранизирани литературни дела", сакавме да направиме своевиден експеримент за привлекување на помладата генерација гледачи, средношколците, кои меѓу одбраните филмови можеа да ги последат оние што се работени врз литературни дела, а кои се обработуваат во наставата по литература во средните училишта. Интересот за овој циклус покажа дека кинотечката филмска програма ќе треба, во идните реализации, уште посеопфатно да ги презентира пред гледачите односот меѓу литературата и филмот.

Во рамките на овој циклус беа прикажани филмовите:

"ХАМЛЕТ" - Англија, режија Лоренс Оливие

"ИДИОТ" - СССР, режија Иван Пирјев

"МЕСТО ПОД СОНЦЕТО" - САД, режија Џорџ Стивенс

"РАШОМОН" - Јапонија, режија Акиро Куросава

"УБАВИНАТА НА ЃАВОЛОТ"- Франција, режија Рене Клер

"ГОЛЕМИТЕ ОЧЕКУВАЊА" - Англија, режија Дејвид Лин.

ФИЛМСКА ПРОГРАМА

ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ЈУНИ 1977

За љубителите на филмската уметност Кинотеката за првата половина од 1977 година има подготвено 6 филмски циклуса, кои се надеваме ќе ги заинтересираат поклониците на добриот филм.

Во јануари гледачите ќе имаат можност да се запознаат со неколку на советските филмски мајстори. Овој циклус од 6 филма наречен "ОД ЕЈЗЕНШТЕЈН ДО ЧУХРАЈ" ќе овозможи уште еднаш да се сретнеме со Ејзенштејновиот Александар Невски, со Чухраевите "Четриесет и првиот" и "Баладата за војникот". Исто така, гледачите ќе имаат можност уште еднаш да ја видат извонредната Татјана Самојлова во филмот на Михаил Калатозов "Жеравите Летаат". Во овој циклус спаѓаат и "Човековата судбина" на Бондарчук и "Шинел" на Алексеј Баталов.

Вториот кинотечен циклус од 6 филма што ќе биде на програмата во првата половина на февруари посветен е на ПРВИТЕ ДВЕ ДЕЦЕНИИ НА "ОСКАРОТ" во чии рамки ќе ги гледаме познатите филмови: "Гранд хотел" со незаборавната Грета Гарбо, потоа: "Се случи во една ноќ" со Клерк Гебл, кој исто така ќе го видиме и во "Бунтот на бродот Баунти" во режија на Френк Лојд. Со извонредниот Лоренс Оливие и Џоан Фонтен ќе го гледаме филмот на Алфред Хичкок "Ребека", а Билијам Вајлер ќе биде презентиран со своите два филма "Г-ѓа Минивер" и "Најубавите години од нашиот живот".

Во циклусот "ФРАНЦУСКИ ФИЛМСКИ РЕАЛИЗАМ" во првата половина на март, ќе се сретнеме повторно со делата на Жан Реноар, Жак Фејдер и Марсел Карне. Познатиот Мишел Симон ќе го видиме во Реноаровиот "Буди спасен од вода", а неодамна починатиот Жан Габен во "Големата илузија", "Кејот во магла" и "Денот се раѓа".

Во склопот на овој циклус исто така ќе бидат прикажани и филмовите "Децата на рајот" и "Херојскиот кермес".

Месецот Април ќе им биде посветен на музичките филмови, така да љубителите на овој жанр филмови ќе имаат можност да ги видат филмовите:"Пастирот Костја", "Белиот јоргован", "ЛИЛИ", "Единаесетте ветерани", "Слатката Ирма" со извонредната Ширли Меклејн и "Драга моја леди" со Одри Хепберн и Рекс Харисон.

Филмовите со социјална тематика ќе бидат застапени во циклусот филмови наречен "СОЦИЈАЛНА ДРАМА ВО ФИЛМОТ" што е на репертоарот во мај. Во склоп на овој циклус ќе ги гледаме "Пат во живот" на Николај Ек, "Изгубената младост" на Пиетро Џерми, "Улицата на срамот" на Кењи Мицогуши, "Виридијана" на Буњуел, "Црниот Петре" на Милош Форман и "Тука е твојот живот" на Јан Троел.

За крајот на мај и почетокот на јуни предвиден е циклусот "МАЈСТОРСТВОТО НА ВЕСТЕРНОТ" кога уште еднаш ќе ги видиме "Законот на дивиот запад" на Вилијам Вајлер, "Чеен" на Раул Волш, потоа "Жолто небо" со Грегори Пек и Ричард Видмарк, "Трагачи" на Џон Форд, "Леворакиот леволверист" на Артур Пен со Пол Њумен и "Истрели попладне" на Сајм Пекинпо.

Покрај наведениот краток преглед на филмската програма на Кинотеката за периодот јануари-јуни 1977, заинтересираните гледачи ги упатуваме да ја побараат целосната филмска Програма, каде ќе можат да се вздобијат со подетални информации за секој филм поодделно. Во оваа специјална публикација, која Кинотеката ја издаде во заедница со Домот на младите "25 мај", даден е и репертоарот на Синеастичките вечери кој во истата кино дворана ги организира Домот на младите.
Наведената филмска Програма за 1977, ќе можете да ја добиете и на билетарницата на киното, заедно со претплатната карта за комплетот од 11 филмски циклуси, кои ќе бидат на програмата до крајот на сезоната.

ВО ОВОЈ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ ДАДЕНИ СЕ ПОДАТОЦИ ЗА ПРВИОТ ЦИКЛУС: "ОД ЕЈЗЕНШТЕЈН ДО ЧУХРАЈ" - ФИЛМОВИ ОД СОВЕТСКАТА ФИЛМСКА ПРОДУКЦИЈА.

## АЛЕКСАНДАР НЕВСКИ

Режија: Сергеј Ејзенштејн

Сценарио: П. Павленко, С. Ејзенштејн

Жанр: Историска драма

Фотографија: Едуард Тисе

Производство: Мосфилм, 1938

Улоги: Н. Черкасов, Н. Охлопков, А. Абрикосов

Русија во почетокот на XIII век. Сеуште неослободена од монголското ропство, на земјата и се заканува опасност од тевтонските рицари. Тие го заземаат Псков. Загрозен и е Новгород. Вознемирените граѓани го одбираат кнезот Александар Невски за свој одбрамбен водач. Тој активира огромна воена формација и ги наведува тевтонците на замрзнатото Чудско езеро, каде што ќе бидат до крај поразени.

"Ова дело е обликувано како филмска опера, заснована врз звучниот контрапункт меѓу музиката на Прокофиев и мотажата. Оние што имаа можност да ја гледаат ваквата филмскаопера во 1939 година останаа потресени од новините што им се демонстираа".

(Жорж Садул)

"... сосема е сигурно дека "Александар Невски" останува едно од најдобрите дела на "златната епоха" на советскиот филм и едно од класичните дела на светскиот. Тој историски спектакл во кој ќе оживее еден детал на средновековна Русија, всушност битката на Чудското езеро - ги задржува сите основни одлики на творештвото на Ејзенштејн. Дури добива и една нова - совршеното користење на музиката".

(Милутин Чолиќ)

"Нема основна разлика меѓу пристапувањето на проблемите на чисто визуелната монтажа и на проблемите на монтажата која врзува повеќе чуствени области, особено на ликовните со звучните...

Јас тоа се обидов да го потврдам при создавањето на "Александар Невски".

(Сергеј Ејзенштејн)

## ЧЕТРИЕСЕТ И ПРВИОТ

Режија: Григориј Чухрај

Сценарио: Г. Колтунов

Жанр: Воено-љубовна драма

Фотографија: Сергеј Урусевскиј

Производство: Мосфилм, 1956 година

Улоги: Изолда Извицкаја, Олег Стриженов, Николај Крјучков

Младата Марјутка е најдобар стрелец во црвеноармејскиот одред кој оперира по сувите предели на средна Азија. Таа убила 40 белогвардејци. По една операција е заплenет поручникот Говоруха и тој и е доверен на Марјутка да го однесе во штабот. Но отфрлени на еден пуст остров на Аралското море, двајцата млади луѓе се вљубуваат. Кога по долго време на морскиот хоризонт ќе се појават едрата на еден чун и притоа белогвардејскиот офицер радосно ќе ги препознае своите соборци, Марјутка ќе го земе на нишан и ќе го убие четриесет и првиот непријател.

"Четриесет и првиот" е една трогателна повест за љубовта која ја обновува темата на "Ромео и Јулија" во рамките на граѓанската војна. Овој филм ќе ни открие еден сигурен талент што ќе се потврди и во наредните филмови.

(Рене Жан)

"Вистинитоста и непосредноста во сликањето на луѓето во револуцијата - тоа се најголемите добродетели во филмот на Чухрај. Пред нас се ликови на револуционери и контрареволуционери повикани да се борат но и чуствуваат. Нивните судбини не се однапред одредени, тие и се препуштени на логиката на настаните".

(Ацо Штака)

## ЖЕРАВИТЕ ЛЕТААТ

Режија: Михаил Калатозов

Сценарио: В.Розов

Жанр: Воена драма

Фотографија: Сергеј Урусевскиј

Производство: Мосфилм, 1957 година

Улоги: Татјана Самојлова, Алексеј Баталов

Војната ги раздели Борис и Вероника. Борис на фронт, Вероника остана во Москва. Тој загинува, но никој не чул за неговата смрт, а Вероника, која по една депресија се мажи за побратимот на Борис, не верува во неговата смрт дури и откако ќе и биде пренесена страотната вест. Нејзината болка не ќе стивне ни по величественото славење на победата.

"Сите свои одлики "Жеравите летаат" ги доби и ги пронајде во голема мера во сопствената искреност. Школата со која притоа се послужи беше и остана школата на големите класици од златниот период на советскиот филм. Таа повторно му ги откри тајните на убавиот визуелен говор, тајните на монтажните метафори и живото и авантуристичко движење на камерата. Но... "Жеравите летаат" содржат и нешто повеќе од тоа, тие се морална драма од прв ред"

(Мика Милошевиќ)

"Во овој филм Калатозов го издвојува човекот од својот колектив. Тој станува сликар на една страст и го сосредоточува сето внимание врз личноста на Вероника. Тоа резултира со една нова ориентација, која и противречи на систематизацијата и на карактеролошкото типизирање на личностите".

(Рерјмон Лефевер)

"На простата приказна за една љубов се надоврзува еден многукрат збор, исполнет со безброј искушенија, страдања, дилеми, со еден збор, хаос што го носи војната и човечкото достоинство што и пркоси на војната".

(Милутин Чолиќ )

## ЧОВЕКОВАТА СУДБИНА

| | |
|---|---|
| Режија: | Сергеј Бондарчук |
| Сценарио: | Ј. Лукин, Ф. Шахамаганов |
| Жанр: | Воена драма |
| Фотографија: | В. Монахов |
| Производство: | Мосфилм, 1959 година |
| Улоги: | Сергеј Бондарчук, Зинаида Кириенко, Павлик Борискин |

Екранизација на истоимениот разскаѕ на Михаил Шолохов. Андреј Соколов ја дочека војната во среќно семејство. По заминувањето на фронтот, тој е запленет од германските завојувачи и депортиран во логор. Неколку пати се обиде да избега и конечно тоа му успеа. По лекувањето во болница, Соколов оди да го посети семејството, но овде разбира дека жена му и ќерка му загинале при едно бомбардирање на градот. Војната се ближи кон крајот. Синот на Соколов, единствената негова надеж, загинува на денот на капитулацијата на фашистичка Германија. Осамениот и веќе остарен Андреј нема сили да се врати во родното место. Се преселува во друга област и овде посинува едно сираче чии родители исто така загинале во војната.

"Една од смелостите на овој филм е што ни афирмира херој--заробеник од војната, што беше незамисливо во сталинистичкиот период".

(Жорж Садул)

Една од најдобрите екранизации на прозата на Шолохов. Драматиката на "Човековата судбина" произлегува од природноста на поведнието на хероите која ќе најде најсоодветен облик во епските традиции на советската реалистичка школа".

(Од редакцијата на месечникот)

## БАЛАДА ЗА ВОЈНИКОТ

Режија: Григориј Чухрај

Сценарио: В. Ежов, Г. Чухрај

Жанр: Воена драма

Фотографија: В. Николаев

Производство: Мосфилм, 1959 година

Улоги: Жана Прохоренко, Владимир Ивашов, Евгениј Урбански

Младиот Алексеј бега пред германскиот тенк но и така уплашен тој сепак отвара оган. Тенкот е уништен. Алексеј добива наградно отсуство два дена и тој ита да ја види мајка си. Патем ја среќава младата Шура во чие друштво ќе стане сведок на сите ужаси на војната. Но во неговото срце ќе се најде и таква храброст да ја признае својата љубов кон младата девојка.

Алексеј одвај ќе успее да ја види мајка си, да и каже само неколку збора и да се збогува со нео, за секогаш.

"Ова романтично дело доаѓа од еден суптилен сензибилитет, кој ни препушта низ очите на едноставниот војник да ја гледаме војната, нејзиниот хероизам и нејзините ужаси".

(Жорж Садул)

"Ова дело е навистина балада изречена со едноставни, секојдневни зборови, но некако однатре одблесната со светлина на поетска вдахновеност. Составен од низа епизоди, типични за војната, филмот се одвива пред нашите очи речи си во позадината, на фронтот на ужасот што војната ја рефлектираше врз градовите и селата надвор од фронтовската линија".

(Мира Боглич)

## ШИНЕЛ

Режија: Алексеј Баталов

Сценарио: Л. Соловјов

Жанр: Фантастика

Фотографија: Г. Маранджаја

Производство: Ленфилм, 1959 година

Улоги: П.Биков, Ј.Толубеев

Акакиј Акакиевич е ситен чиновник чиј прекрасен ракопис го почитуваат и неговите претпоставени. Акакиј Акакијевич мечтае да набави нов цивилен шинел со што би го поправил својот социјален статус. Кога конечно ќе го добие, некој боскуќник ќе го нападне и ќе му го грабне богатиот шинел. Акакиј Акакиевич по понижувачката смрт ќе воскресне и ќе им се одмазди на сите оние што му нанеле толку понижувања и навреди.

Овој филм е снимен по повод сто и педесетгодишнината од раѓањето на Н.В.Гогољ. Иако на оваа екранизација на истоимената Гогољева новела и претходеше филмската адаптација на Григориј Козинцев изведена во 1926 година, таа под режисерското раководство на Алексеј Баталов не изгуби ништо од новината, оригиналноста и свежината.

Работена според најдобрите традиции на советскиот класичен филм оваа верзија на "Шинел" ќе се лиши од блесокот на метафоричната монтажа и скоро аскетски ќе се придржува на реалистичката естетика што во руската литература ќе ја воведе Н.В.Гогољ. Алексеј Баталов кого го познаваме како извонреден артист овде се појавува како режисер кој во најголема мера го познава и почитува духот на Гогољевата проза.

(Од редакцијата на месечникот)

ФИЛМСКА ТРИБИНА

Домаќин: БЛАГОЈА КУНОВСКИ

## ЗЛАТНИОТ ПЕРИОД НА СОВЕТСКИОТ ЗВУЧЕН ФИЛМ

Ако постоктомвриските период на големата револуција значеше раѓање на една нова филмска велесила, која во ерата на немиот светски филм ќе застане рамо уз рамо со американската кинематографија, дури надминувајќи ја со силната на инспиративниот егзалтирано-револуционерен дух на новото советско време, тогаш истата таа кинематографија своето повторно раѓање, својата ренесанса во постсталинистичкото време ќе го оствари кон средината на пеесетите години и тоа ќе трае се до крајот на истите, непосредно на преодот кога Западна Европа, поточно Франција го инаугуираше својот нов филмски бран.

Темелите, класиката на советскиот филм ја создаваа: Ејзенштејн, Вертов, Александров, Довженко, Јуткевич, Куљешов, Трауберг, Козинцев, Ермлер, Донској, Ром, Кармен и други, кои во својата најрана творечка фаза ја имаа историската среќа своите дела да и ги посветат на големата револуционерна победа, за потоа да ги дочека суровата и мрачна сенка на Сталинистичкиот тоталитаризам,кој не само штонеможеше да им дозволи творечка слобода, туку диктатот беше единствениот "меч" врз нивната авторска судбина. Затоа мораше да се чека буквално Сталиновата смрт, за одново да му се врати лицето на советскиот филм, да се направи една толку потребна и очекувана пресвртница, една "трансфузија" на кинестетската и идејно-содржинската структура на целата кинематографија.

Во нашата програма се застапени делата кои токму низ своите карактеристики го инкарнираат т.н. "нов бран" на советскиот филм.

Првиот буревесник на таа ренесанса е дебитантското остваруване на Григориј Чухрај "Четириесет и првиот" снимен 1956 година. Тоа е всушност повторена верзија на истото дело што 30 години пред тоа го снимил Протазанов и токму таа нова реализација го инаугурира новиот бран во СССР. Имперсивната и страствената љубов меѓу една црвеноармејска и еден Белоградејски офицер, лишена од одвишната патетика, беше содржинскиот и пред се режисерски бум за тоа време. Потврдата за тоа дека оваа

ренесанса не е случајна дојде веднаш, по две години кога на Канскиот фестивал 1958 година, критичарите еднодушно беа восхитени од "Руското филмско чудо" - рилмот "Жеравите летаат" на режисерот Калатозов. Режисерот на ова дело ја создаде единствената бравура без страв од пробив на формализам, пред се поради фактот дека прв ја отвори серијата дела во кои Втората светска војна е видена со нови очи, без априористичко форсирање на херојството по секоја цена или со "жарот" на соц-реализмот - туку на начин кој беше пред се РЕАЛИСТИЧКИ. Така публиката можеше за прв пат да види реални филмски лица во метежот на војната, духовно трауматизирани во својата интима, очајни и неверни жени, исто како и верни граѓани и храбри војници. Овој тренд, особено го означи дебитанеткото дело на Бондарчук - "Човековата судбина" снимен 1959 година, а во истата година е создаден и неговиот филмски "собратим" - филмот на Чухрај - "Балада за војникот". Во сите овие четири дела заедничкиот иманител е новото-реалистичко видување на војната и човекот, единката во неа, со сите негови психолошки нијансирања и карактерни поларизирања.

Петиот филм од нашата програма е уште едно дебитантско остварување од тој период - тоа е всушност режисерското деби на инаку предходно афирмираниот артист Алексеј Баталов ("Жеравите летаат", "Драма со кученце"). Тоа е филмот "Шинел" снимен според истоименото дело на Гогољ, кое се смета за една од најуспешните филмски транспозиции на познати литературни дела.

Последниот филм од нашиов редослед на набројување, а всушност прв од листата на програмата и хронолошки најстар - е Ејзенштејновиот - "Александар Невски" снимен 1938, а пуштен 1939 година. Ова дело иако не спаѓа во споменатиот "Нов бран" на советскиот филм, својата присутност на нашата програма ја има во смисла на одблесок на вистинските почетоци на советската кинематографија, сеќавање на оние великани кои на почетокот ги споменавме како класика на советското филмско време.

Карактеристиките на ова дело за генијот на својот автор се многузначни: родено во новата, звучната ера на филмската уметност, своја директна потврда ова дело најде во импресивниот спој на музичкиот гениј на Прокофјев и сликата на Ејзенштејновата големина. Не случајно "Александар Невски" покрај "Крстосувачот Потемкин" - се смета за врв на Ејзенштејновото творештво во кое доаѓа до израз неговата тенденција за контрапункт остварен меѓу сите драмско-визуелни елементи на филмскиот медиум. Ова грандиозно остварување, една своевидна филмско-музичка синфонија, Ејзенштејн го обогатува со минуциозна монтажа, а како круна се смета секвенцата на поразот на Тевтонците на Чудското езеро, секвенца која е антологиска по своите вредности, една од најсовршените во историјата на светскиот филм.

На крајот би можеле да заклучиме дека извршениот избор за нашата програма, навистина се состои од 6 филмски бисери на советскиот филм, кои, се надеваме, ќе бидат задоволство и неповторлив настан за синефилите, кои ете со постоењето на нашата Кинотека, таа "неповторливост", во иднина само ќе ја ставаат во симболичко значење.

Благоја КУНОВСКИ

ГИ ПОКАНУВАМЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ ГЛЕДАЧИ ДА ЗЕМАТ УЧЕСТВО ВО ФИЛМСКАТА ТРИБИНА КОЈА ЌЕ СЕ ОДРЖИ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ЦИКЛУСОТ СОВЕТСКИ ФИЛМОВИ "ОД ЕЈЗЕНШТЕЈН ДО ЧУХРАЈ".

ДОМАЌИН НА ФИЛМСКАТА ТРИБИБИНА ЌЕ БИДЕ ФИЛМСКИОТ КРИТИЧАР К У Н О В С К И  Б Л А Г О Ј А ЧИЕ УВОДНО ИЗЛАГАЊЕ ПОД НАСЛОВ:"ЗЛАТНИОТ ПЕРИОД НА СОВЕТСКИОТ ЗВУЧЕН ФИЛМ" СЕ НАОЃА ПЕЧАТЕНО ВО ОВОЈ БИЛТЕН.

ФИЛМСКАТА ТРИБИБИНА ЌЕ СЕ ОДРЖИ НА 17.01.1977 (ПОНЕДЕЛНИК) СО ПОЧЕТОК ВО 17 ЧАСОТ ВО БИБЛИОТЕКАТА НА КИНОТЕКАТА

Во подготвувањето на овој број соработуваа:

ЃОРЃИ ВАСИЛЕВСКИ

БЛАГОЈА КУНОВСКИ

МАРТИН ПАНЧЕВСКИ

ИЛИНДЕНКА ПЕТРУШЕВА

ДУБРАВКА РУБЕН

Издава:

КИНОТЕКА НА СР МАКЕДОНИЈА - Скопје

Кеј Димитар Влахов 66 - телефон: 32-356

п.фах 161 - 91000 Скопје

За издавачот:

АЦО ПЕТРОВСКИ